РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-4015/2
r./v. 05-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-та седница одржана на ден 01.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-4015/1 од 15.10.2021 година, за прекршување на законските одредби во изборен процес, доставена од подносителот ---------- --------- -- ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

Наводите во пријавата укажуваат на злоупотреба на буџетски средства за време на изборна кампања – возила на МВР, но поради фактот што нема јасни податоци, фотографии, локација, време на случувањата, ДКСК нема механизми за надлежно постапување.

Предметот и предметната пријава да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на РСМ – Оддел за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител - ---------- --------- -- ---------, на ден 15.10.2021 година, поднесена е пријава со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес - Локални избори 2021 година и оформен е предмет број 12-4015/1 од 15.10.2021 година.

Во пријавата изнесени се наводи за злоупотреба на буџетски средства за време на изборната кампања за Локалните избори 2021 година, односно користење на службени возила на МВР – ПС --------- за потребите на кампањата на владејачката СДСМ за делење на изборни материјали. При разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во доставената пријава не содржи конкретни информации: фотографии, регистарски таблици, локација, време на настанот и слично, по што оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по овој предмет. Поради сериозноста на наводите пријава ќе се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на РСМ – Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до: Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: К.Н.,член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk